ЗЕЛС

# 2025
# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Почитувани,

Во текот на 2025 година, ЗЕЛС реализираше повеќе активности утврдени во Акцискиот план за оваа година. Највисокото тело на ЗЕЛС, Генералното собрание, одржа две седници, а Управниот одбор на ЗЕЛС шест седници на кои беа разгледувани повеќе предизвици со кои се соочуваше локалната власт во овој период. Во фокусот особено беа активностите на Комисијата за труд и социјална инклузија за продлабочување на процесот на децентрализација во областа на социјалната заштита, каде што беа утврдени и анализирани повеќе предлог-модели за спроведување на овој процес. Од особена важност беа и дискусиите што се однесуваа на предизвиците со кои се соочуваат јавните комунални претпријатија основани од општините, за кои ЗЕЛС направи и соодветна анализа на собраните податоци за причините на овие долгови, а беа изнесени на средбите што ги организираше ЗЕЛС со министерката за финансии. На овие средби беа изнесени и финансиските предизвици со кои се соочуваат територијалните противпожарни единици, а резултатот беше двојно зголемување на овие средства во Буџетот за 2026 година. Иницирани беа и активности за поддршка на опремувањето на ТППЕ. Во изминатиот период, ЗЕЛС активно, со свои ставови и забелешки, се вклучи и во процесот на креирање на нова методологија за распределба на средствата од блок дотациите во основното и во средното образование, по што во јули, Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините даде позитивно мислење за нејзино прифаќање. На средбите со претставниците од централната власт, ЗЕЛС во континуитет го потенцираше и барањето за воведување на електронски систем за евидентирање и наплата на данокот на имот.

Во 2025 година, незаборавна трага остави трагедијата што се случи во ноќниот клуб во Кочани, по што сите општини отпочнаа серија вонредни инспекциски контроли за утврдување на сигурноста и заштитата од пожари и други непогоди во објектите од јавен карактер, но и во станбените објекти. Констатирано беше дека најголем предизвик претставува поставувањето на урбаната опрема на угостителските објекти, заради што беше формирано работно тело кое одржа повеќе средби и укажа на потребата од измени во Законот за градење, за донесување на правилник со сите стандарди и нормативи за поставување на урбана опрема во општините. Управниот одбор, исто така, отвори повеќе дискусии за утврдување на нови иницијативи за измени и дополнување на Законот за локална самоуправа, каде од посебно значење беше заложбата за обезбедување на општинска комунална полиција, а со свои ставови за ингеренциите на општинскиот совет се произнесе Комитетот на советите при ЗЕЛС. Во текот на оваа година, ЗЕЛС организираше средби со повеќе министри, меѓу кои со: министерката за финансии; министерката за енергетика, рударство и минерални суровини; министерката за образование и наука; министерот за транспорт; за внатрешни работи; со првиот заменик-претседател на Владата на РСМ и министер за животна средина и просторно планирање; со заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади и други.

Во периодот октомври – ноември 2025 година, во земјата беа спроведени и редовните локални избори, по што следуваше утврдување на новиот состав на делегати на Генералното собрание и на членови на Управниот и на Надзорниот одбор на ЗЕЛС. Управниот одбор на ЗЕЛС го утврди новото раководство, каде за претседател на ЗЕЛС повторно беше избран Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, а за потпретседатели беа избрани: Изет Меџити, градоначалник на Општина Чаир и Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар.

Од особена важност за ЗЕЛС во 2025 година беше и усвојувањето на Стратегискиот план на ЗЕЛС за периодот 2026 – 2030 година, каде е утврдена јасна визија и мисијата на Заедницата за развивањето и унапредувањето на локалната власт во земјата. Активностите за следните пет години се утврдени врз основа на трите стратегиски цели: лобирање; јакнење на капацитетите на општинската администрација и поддршка на општините за непречено спроведување на електронските услуги.

Соработката на ЗЕЛС со бројните домашни и странски институции продолжи и во овој период. Делегатите од ЗЕЛС учествуваа на состанокот на Заедничкиот консултативен комитет меѓу РСМ и Комитетот на региони на ЕУ (ЗКК) во Брисел, во рамките на „Enlargement Day“. Во рамките на ЗЕЛС тренинг центарот, како и со поддршка од повеќе регионални проекти во кои се вклучи ЗЕЛС, (од областа на животната средина, комуналните дејности, управување со комуналниот отпад, социјалната заштита, родовата еднаквост, граѓанското учество и слично), беше обезбедено јакнење на капацитетите на општинската администрација, но и на општинските советници. Во таа насока, ЗЕЛС го подготви шестото, изменето и дополнето издание на „Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членовите на советите на општините 2025-2029“, како значаен извор за црпење на потребните информации при донесувањето на важните одлуки од локално значење. ЗЕЛС, исто така, продолжи и со активностите на поддршка на општините за давање електронски услуги, преку Единицата за поддршка на електронските услуги. За сите овие заложби и активности на ЗЕЛС подетално ќе прочитате на следните страници од овој Годишен извештај на ЗЕЛС за 2025 година.

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС



# 1 ЗА ЗЕЛС

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) е непрофитна организација и единствена национална асоцијација во земјава во која доброволно членуваат сите 80 општини и Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Основана е во 1972 година. За ефикасно функционирање на Заедницата, во Статутот на ЗЕЛС се утврдени следниве органи:

- **Генерално собрание**, составено од 90 делегати
- **Управен одбор**, составен од 22 члена
- **Надзорен одбор**, составен од 6 члена и
- **Комитет на советите**, составен од 9 члена.

ЗЕЛС ги застапува интересите на сите локални власти од земјава пред централната власт. Лобирањето претставува најважната активност на ЗЕЛС за унапредување на развојот на локалната самоуправа, преземање на нови надлежности, како и за обезбедување на поголема финансиска стабилност на ЕЛС. Претставниците на ЗЕЛС остваруваат средби со претставници на Владата на РСМ, а преку постојната парламентарна Комисија за локална самоуправа во Собранието на РСМ, ЗЕЛС соработува и со народните пратеници од законодавниот дом. Во согласност со своите стратешки цели, ЗЕЛС во континуитет се грижи и за зајакнување на капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ), а преку ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) во име на сите општини, го врши одржувањето, како и непреченото користење на информациските системи.

**Стратешките цели на ЗЕЛС се:**

1. ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ
2. УСЛУГИ
3. ГРАДЕЊЕ И ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЕЛС

ЗЕЛС дејствува и во меѓународни рамки. Таа е членка на: Советот на европски општини и региони (CEMR); Мрежата на национални асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа (NALAS) и на Асоцијацијата на агенции за локална демократија (ALDA). ЗЕЛС има свои претставници во Генералното собрание на локални и регионални претставници од Европската Унија и нејзините медитерански партнери (ARLEM). Исто така, ЗЕЛС ја има улогата на Секретаријат на делегатите од РСМ во Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа и во Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.



# 2 АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ЗЕЛС

## ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

*Во текот на 2025 година беа одржани две седници на Генералното собрание на ЗЕЛС. Според Статутот на ЗЕЛС, делегати на ова тело се сите градоначалници и деветте членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС.*

### ОСМА СЕДНИЦА на Генералното собрание на ЗЕЛС *(5 јуни 2025 година, Скопје)*




Делегатите на Генералното собрание на ЗЕЛС на седницата ги усвоија извештаите за Финансискиот и Акцискиот план на ЗЕЛС за претходната, 2024 година. Исто така донесоа Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на ЗЕЛС за тековната, 2025 година.

Пред делегатите беа презентирани предлог-моделите за децентрализација на надлежноста во областа на социјалната заштита и преземените активности на ЗЕЛС во таа насока. Генералното собрание ја поддржа иницијативата за продлабочување на процесот на децентрализација во оваа област, но под услов да се изврши целосно пренесување на потребните средства и тоа да биде законски гарантирано.

Во своето редовно обраќање, претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски ги изнесе предизвиците на општините разгледувани на седниците на Управниот одбор на ЗЕЛС, како и донесените заклучоци и преземените активности. Ѓорѓиевски повика на едноминутно молчење како почит кон загинатите во трагичниот настан во Кочани и ги изнесе реализираните мерки за заштита и безбедност на граѓаните во јавните институции и во станбените објекти. Тој го информираше Генералното собрание за започнатиот процес на работното тело за унифицирање и стандардизирање на постапките за поставувањето на урбаната опрема на угостителските објекти. Информираше и за средбите со повеќе министри од Владата на РСМ.











## **КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА на Генералното собрание на ЗЕЛС** *(18 декември 2025 година, Скопје)*



По спроведените локални избори во земјата, во периодот октомври – ноември, Генералното собрание на ЗЕЛС, во согласност со Статутот на Заедницата, ја одржа конститутивната седница на која ги избра новите членови на Управниот и на Надзорниот одбор на ЗЕЛС.

Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно донесе одлука со која еднократно го овласти Управниот одбор, во име на Генералното собрание, да донесе Одлука за утврдување на составот на членовите на Комитетот на совети, како орган на ЗЕЛС. Причина е сложената процедура за утврдување на членовите во овој орган.

Генералното собрание го усвои Стратешкиот план на ЗЕЛС 2026 – 2030. Во процесот на подготовка на овој стратешки документ беа консултирани сите општини за што беше изработен и доставен прашалник до градоначалниците, општинските совети и општинската администрација. За сите стратешки цели, во следните четири години, утврдени се и бројни активности.

По одржаната конститутивна седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, на која беше избрано новото раководство на ЗЕЛС за следните четири години, пред делегатите се обрати реизбраниот претседател на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски. Тој изрази благодарност за дадената доверба, повика на сплотеност, заедништво и едногласна одбрана на ставовите на единиците на локална самоуправа пред Владата на РСМ и ги посочи приоритетите на ЗЕЛС за следниот период: обезбедување поголема финансиска стабилност на општините, зголемување на зафаќањето од приходите од ДДВ на 10 % и од персоналниот данок на 50 %, во полза на општините; децентрализација во сферата на социјалната заштита; реализација на проектот општинска комунална полиција; реформа на јавните претпријатија; соодветно финансирање на територијалните противпожарни единици и многу други проекти.

Генералното собрание на ЗЕЛС ги усвои Финансискиот план и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2026 година. Притоа, делегатите беа информирани за мерката за ограничување на општината за пристапот до дел од електронските услуги со кои управува ЗЕЛС, која би се применила во случај на неисплатени обврски на општините кон ЗЕЛС.










HOTEL
ALEKSANDAR
PALACE
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА
САМОУПРАВА - ЗЕЛС
BASHKËSIA E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES
LOKALE - BNJVL
BNJVL
www.zels.org.mk


BNJVL

## УПРАВЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

*Управниот одбор на ЗЕЛС (УО) има 22 члена, чиј мандат е во траење од 4 години. Членовите се градоначалници и тројца советници кои се избираат од редот на членовите на Комитетот на советите, од кои само еден е со право на глас. Претседателот на Надзорниот одбор на ЗЕЛС може да присуствува на седниците на Управниот одбор на ЗЕЛС, без право на глас. Во текот на 2025 година, Управниот одбор одржа шест седници.*

### ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА СЕДНИЦА на УО на ЗЕЛС *(7 февруари 2025 година, во ЗЕЛС)*

На седницата беше поканета министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска, која беше запознаена со систематизираните ставови на ЗЕЛС, во делот на финансиите. Министерката ја нагласи потребата од добра заемна соработка и апелираше општините навремено да се подготват за претстојниот, втор јавен повик за аплицирање за средства за инфраструктурни зафати (од унгарскиот кредит).




Управниот одбор на ЗЕЛС ја прифати иницијативата на Општина Центар за отпочнување на меѓуинституционална соработка за изнаоѓање соодветни решенија поврзани со зачестените појави на вандалско однесување и уништување на урбаната опрема, јавните добра и други предмети на јавните површини во повеќе општини, сторени од страна на малолетни лица. Иницијативата беше веднаш прифатена и на 19 февруари 2025 година беше реализирана средба во просториите на Владата на која присуствуваа претставници од УО на ЗЕЛС и претставници од министерствата: за транспорт; за правда; за социјална политика; демографија и млади; за внатрешни работи и за образование и наука. На средбата присуствуваа и министерот за локална самоуправа Златко Перински и заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски. Присутните ги разгледаа сите аспекти за потребните законски измени што ќе ги опфатат следниве закони: Законот за прекршочна постапка, Законот за пробација и Законот за правда за децата, со цел општокорисната работа да стане ефективна мерка за превенција и ресоцијализација на младите. Дополнително беа дискутирани и можните измени во Законот за семејство и Законот за извршување на санкции. Беше посочено дека одговорноста кај малолетните деца на возраст од 14 до 16 години е опфатена и прекршочно и кривично, но под 14-годишна возраст, за детето кое сторило прекршок против јавните добра, одговорен е родителот. Во таа насока се

дискутираше во вакви случаи воведување на општоодговорна работа и за родителот на малолетниот сторител.

Управниот одбор го утврди составот на членови на привремената комисија за стратешко планирање при ЗЕЛС, со обврска да изготви предлог на Стратешкиот план на ЗЕЛС за периодот 2026 – 2030 година, од причина што постојниот Стратешки план е со важност 2021 – 2025 година.

Управниот одбор отвори дискусија во однос на процесот за утврдување на приоритетните прашања, иницијативи од ЗЕЛС, во започнатиот процес на тематски регионални дискусии што ги реализираше Министерството за локална самоуправа за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа. Присутните нагласија дека треба да се координираат сите општини за да се иницираат и други предлог-измени, а не само иницијативата на ЗЕЛС за утврдување на можноста за предвремено отповикување на градоначалник во случај на негово неажурно работење.
















## ДВАЕСЕТ И ПЕТТА СЕДНИЦА на УО на ЗЕЛС *(13 февруари 2025 година, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини)*



Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС имаа средба со министерката за енергетика, рударство и минерални суровини Сања Божиновска, во просториите на Министерството. Се дискутираше за изнаоѓање на најповолни решенија за долговите на јавните комунални претпријатија, поврзани со плаќањето високи сметки на електрична енергија, особено на јавните претпријатија кои дури 90 % од струјата ја трошат за работењето на пумпните станици за вода за пиење и пречистителните станици за отпадни води.

Беше побарано Владата да интервенира и да овозможи снабдување со електрична енергија на ЈКП по цена по која ЕСМ ја продава на универзалниот снабдувач, која служи за снабдување на населението, домаќинствата, односно малите потрошувачи (барање поддржано и од АДКОМ), при што беше ревидирано и барањето тука да бидат вклучени и училиштата и институциите од јавен интерес.

Пред министерката беа изнесени и предизвиците на општините што веќе започнале процес на формирање на јавни претпријатија за производство на електрична енергија од обновливи извори (Општина Радовиш и Општина Центар), во однос на исполнување на барањата за добивање лиценца од страна на Регулаторната комисија.

Министерството предложи неколку мерки: јавните институции да бидат насочени кон набавка на електрична енергија преку Националниот оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО, наместо како досега набавката да оди преку странските берзи, за да се избегнат дополнителните трошоци за пренос и други давачки. На општините ќе им се даде на располагање единствен терк за јавни набавки на електрична енергија (изработен во соработка со Бирото за јавни набавки) што ќе можат да го користат сите институции, со цел да се обезбеди набавка на електрична енергија по поповолни цени. Министерството ќе назначи лица за контакт кои ќе функционираат како советодавно тело за помош на институциите при набавка на електрична енергија.

Министерството ќе им даде советодавна поддршка на општините за надминување на бариерите при формирање на сопствено претпријатие за производство на електрична енергија или при добивање дозволи за продажба на вишокот произведена електрична енергија. Општините беа информирани дека неискористените средства од Светска банка, кои се наменети за енергетска ефикасност и каде општините може да аплицираат со проекти, заради поголема ефикасност и побрза реализација се планира да се спроведуваат централизирано, преку Министерството.

## ДВАЕСЕТ И ШЕСТА СЕДНИЦА на УО на ЗЕЛС *( 24 март 2025, година, ЗЕЛС )*

Управниот одбор на ЗЕЛС, во проширен состав со градоначалници од неколку градови во земјава, ја одржа 26. седница со една точка на дневен ред: дискусија за преземање координирани активности поврзани со трагичниот настан во Кочани, каде што од пожар во ноќно кабаре, животот го загубија 63, претежно млади лица, а приближно 200 лица беа повредени. Управниот одбор на ЗЕЛС упати сочувство до семејствата на починатите и препорача откажување на сите планирани културно-забавни настани. Беше изнесено дека во објектите од јавен карактер, кои се во надлежност на општините (училишта, градинки, спортски сали, културни институции итн.), започнати се вонредни инспекциски контроли за утврдување на сигурноста и заштитата од пожари и други непогоди и беше апелирано секоја општина што располага со одредени инспекциски капацитети, да ги стави на располагање на општините кои немаат вакви служби.

Констатирано беше дека до одржувањето на седницата во повеќе од 90 % од објектите каде што се спроведени контролите не се утврдени отстапувања, но дека најголем предизвик е утврден во однос на поставувањето урбана опрема на угостителските објекти. Беше заклучено да се формира работна група од инспектори и претставници од општинска











администрација од областа на урбанизмот од општините: Центар, Куманово, Тетово, Битола, Кисела Вода, Чаир, Охрид, Ѓорче Петров, Крива Паланка, Штип, Велес, Гостивар и претставници на Министерството за транспорт, со задача преку измена на Законот за градење да се утврди дека стандардите и нормативите за поставување урбана опрема се пропишуваат со правилник. На една од трите средби беа повикани и претставници од Здружението на угостителите. Во работната група се вклучи и градоначалникот на Општина Аеродром.

Управниот одбор на ЗЕЛС им препорача на инспекциските служби да вршат засилена контрола во колективните/станбените објекти, заради почитување на пропишаните стандарди на безбедност, особено во однос на заштитата и спасувањето (согласно со Законот за домување и Правилникот за норми и стандарди за домување во станбени згради, но и со останатите прописи).



## ДВАЕСЕТ И СЕДМА СЕДНИЦА на УО на ЗЕЛС *(4 април 2025 година, во ЗЕЛС)*

На седницата присуствуваше министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, со кого се дискутираше за заедничките активности на МВР и локалната самоуправа, во насока на рана превенција од пожари и подигање на степенот на подготвеност на сите противпожарни единици во државата. Беше констатирана слаба техничка опременост на ТППЕ и другите национални институции и беше констатирана несоодветна распределба на опремата наменета за ТППЕ, а која не соодветствува според конфигурацијата на теренот. Утврдено е дека и бројот на пожарникари не е во рамките на законските стандарди според бројот на жители. Управниот одбор заклучи: 1. кризните штабови во секоја општина да одржат своја седница и да констатираат каква е состојбата и кои се утврдените потреби и недостатоци за единиците да одговорат адекватно во случај на пожари (прогнозите за оваа година се дека се очекуваат високи температури, а оттука поголем број пожари); 2. до ЗЕЛС да се достави информација за состојбите со човечки и технички капацитети, како и да се наведе сè што е потребно, а недостасува во однос на кадар и опрема; 3. општините да





преземат активности на проверка и чистење на сите канали и речни корита заради можност за поголем проток на вода во следниот период; 4. да се детектираат можните точки за избивање на пожар и на тие места да се детектираат постојните резервоари на вода или да се постават цистерни со вода. Информациите треба да се испратат до Управувачкиот комитет за справување со пожари и други непогоди формиран од Владата. Министерот ги изнесе заложбите на централната власт за обезбедување на дополнителни финансиски средства за ТППЕ во рамките на можностите.



## ДВАЕСЕТ И ОСМА СЕДНИЦА на УО на ЗЕЛС *(19 мај 2025 година, во ЗЕЛС)*

На седницата беа прифатени барањата на неколку организации, за склучување на меморандум за соработка со ЗЕЛС, меѓу кои: Националниот демократски институт (НДИ): Агенцијата за поддршка на претприемништвото и Сојузот за родова еднаквост – национална мрежа жени за жените. Управниот одбор го разгледа барањето на Зелениот институт, за предлог-измените на Законот за урбано зеленило и донесе заклучок барањето да се достави на изјаснување до општините.

Управниот одбор ги разгледа анализите што ги направи ЗЕЛС за долговите на јавните претпријатија основани од општините. Според собраните податоци, финансискиот долг на овие претпријатија е во висина од околу една милијарда денари. Најголем е долгот што произлегува од пресметување на камати за неплатен ДДВ по основ на издадена, а не наплатена фактура за услуга. Втора причина за задолжувањето е користењето на услуги или набавка на средства или користење на ресурси повторно кон правни лица, основани од државата. Трета ставка е долгот по основ на високата цена на струјата. Управниот одбор донесе заклучок да се покани министерката за финансии на следната седница и да се разгледаат неколку концепти за решавање на овие предизвици.

Управниот одбор го реафирмира барањето на ЗЕЛС за враќање на долгот на ЈПДП кон општините, средства кои одреден период не им беа во целост исплаќани на општините, а им припаѓаат во согласност со Законот. Нагласено беше дека ЈПДП продолжува со истата практика на нередовно плаќање на средствата наменети за одржување на патната инфраструктура, за што беше предложено интензивирање на разговори со сите надлежни институции.

Управниот одбор беше информиран за активностите што ги презема ЗЕЛС во насока на иницирање на процес на децентрализација на социјалните услуги и го поддржа концептот на целосно децентрализирање на оваа надлежност.

## КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА НОВИОТ СОСТАВ на Управниот одбор на ЗЕЛС *(18 декември 2025 година, Скопје)*



По изборот на новиот состав на членови на Управниот одбор од страна на делегатите на Генералното собрание на ЗЕЛС, ова тело одржа конститутивна седница на која избра претседател и двајца потпретседатели на УО. За претстојниот мандат 2025 – 2029 година, членовите на УО за претседател го избраа Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје, кој на оваа позиција е избран по вторпат. За потпретседатели беа избрани: Изет Меџити, градоначалник на Општина Чаир и Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар. Сите тројца воедно го претставуваат новото претседателство на ЗЕЛС.



## НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

*Надзорниот одбор на ЗЕЛС во својот состав има шест члена од кои пет се градоначалници и еден е претставник од Комитетот на советите, без право на глас. Претседателот на ова тело може да присуствува на сите седници на Управниот одбор на ЗЕЛС, без право на глас. Во текот на 2025 година ова тело одржа две седници.*

### ШЕСТА СЕДНИЦА на Надзорниот одбор на ЗЕЛС *(5 јуни 2025 година, Скопје)*

На седницата се дискутираше за наративниот и финансискиот извештај за работата на ЗЕЛС за претходната година и беше дадено позитивно мислење до Генералното собрание за нивно усвојување. Утврдено беше дека поголем дел од средствата од Буџетот на ЗЕЛС се расходи за одржување на електронските системи со кои управува ЗЕЛС во име на општините. Поради неплатена членарина на општините кон ЗЕЛС, заклучно со мај 2025 година, утврден е долг од 34.389.355,00 денари. И покрај достапните механизми за исплата на долгот на рати, голем број општини не ја реализираат редовно оваа обврска кон ЗЕЛС. Беше нагласено дека, следната, 2026 година, се очекува подобрување на финансиската состојба поради воведувањето на новиот надоместок за општините за одржување на електронските системи. Надзорниот одбор го разгледа и усвои и предлогот за измени и дополнување на Финансискиот план на ЗЕЛС за тековната, 2025 година. Од седницата беше упатен апел до општините за редовно плаќање на обврските кон ЗЕЛС.

### КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА на Надзорниот одбор на ЗЕЛС *(5 јуни 2025 година, Скопје)*

По утврдувањето на новиот состав на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС од страна на Генералното собрание, беше одржана и конститутивната седница на ова тело. Членовите, од своите редови, за претседател го избраа Дејан Продановски, градоначалник на Општина Прилеп. Претседателот на ова тело може да присуствува на сите седници на Управниот одбор на ЗЕЛС, но нема право на глас.






## КОМИТЕТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС

*Комитетот на советите при ЗЕЛС, во согласност со Статутот на ЗЕЛС, има 9 члена, односно по еден претставник од 8-те плански региони во РСМ и еден член од Советот на Град Скопје. Комитетот на советите во 2025 година одржа една седница.*

### ЧЕТВРТА СЕДНИЦА на Комитетот на советите при ЗЕЛС (14 февруари 2025 година, ЗЕЛС)

Комитетот на советите при ЗЕЛС ја одржа четвртата седница на која беа иницирани предлози за измени во Законот за локална самоуправа во делот на надлежностите на советот. Беше нагласено дека улогата на советот на општината треба да биде издигната на повисоко ниво од сегашното; да се дефинираат процесите на комуникација меѓу претседателот на советот и советниците со градоначалникот и општинската администрација и да се обезбеди поголема одговорност за градоначалникот за спроведување на одлуките на советот.








## АКТИВНОСТИ НА КОМИСИИ И МРЕЖИ ПРИ ЗЕЛС

*Комисиите при ЗЕЛС се составени исклучиво од градоначалници и ги опфаќаат областите што се во надлежност на општините. Професионалните мрежи при ЗЕЛС се составени од претставници од администрацијата на општините. За координирање на работата на комисиите и мрежите што се од иста област, одговорни се лица од стручната служба на ЗЕЛС. Работењето на комисиите и на мрежите се одвива на седници, во просториите на ЗЕЛС или по електронски пат.*

### КОМИСИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ПРИ ЗЕЛС

Комисијата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС во текот на 2025 година одржа седница на 30 септември 2025 година, во просториите на ЗЕЛС, на која се дискутираше по изготвените анализите и предлог-иницијативите за измени и дополнувања на трите закони: Законот за води; Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води и Законот за комунални дејности. Беа презентирани главните систематизирани заклучоци кои произлегоа од добиените одговори на прашалникот доставен од ЗЕЛС до општините и до нивните комунални претпријатија, во кои се содржани ставовите за неопходните измени и дополнувања на овие законски решенија и за нивните подзаконските акти. Тие беа преточени во документ, наречен матрица, што во претходниот период ја изработија членовите на Мрежата, Работната група во ЗЕЛС, која работи во секторот води. Целта е да се обезбеди ефикасно извршување на надлежностите од страна на општините и нивните јавни комунални претпријатија преку прецизно утврдени и јасни законски и подзаконски решенија. На седницата присуствуваа и претставници од општинските комунални претпријатија и од АДКОМ, како и експерти кои ја поддржуваат работата на ова тело.





### КОМИСИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА ПРИ ЗЕЛС



Комисијата за социјална заштита и социјална интеграција при ЗЕЛС одржа две седници во 2025 година. На седницата од 20 февруари 2025 година, беа презентирани двете анализи изработени во рамките на проектот „Регионална соработка за подобри социјални услуги на локално ниво“ и препораките кои произлегуваат од нив. Во првата анализа за структурата и организираноста на социјалната заштита во општините и во центрите за социјална работа, препораките одеа во насока дека социјалните услуги преку дневните центри (33 вкупно) треба да се управуваат од локалните самоуправи кои најдобро ги познаваат потребите на ранливите групи во општината и дека процесот на децентрализација во оваа област треба да биде со фазно префрлање на услугите и со соодветни финансиски средства за нивна реализација. Од присутните беа изнесени и размислувања за комплетно децентрализирање на социјалната заштита,



според примерот на префрлање на надлежностите во образованието во 2005 година. Претседателот на Комисијата, градоначалникот на Општина Гази Баба Бобан Стефковски, потенцира дека доколку е потребно, ќе се направат и дополнителни анализи за да се изнајде најдобриот модел со кој ќе се преговара со централните власти.

На втората седница на Комисијата, одржана на 13 мај 2025 година во просториите на ЗЕЛС, присуствуваа и заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски и претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски. Заменик-министерот Велковски ги поддржа заложбите за децентрализирање на социјалната заштита и нагласи дека е потребна подобра координација со ЦСР, прецизна распределба на надлежностите меѓу централното и локалното ниво, јасни механизми за финансирање, кадровска екипираност и континуирана едукација на вработените, како и зголемување на капацитетите за планирање и управување со социјалните услуги на локално ниво. Претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски нагласи дека заложбата на ЗЕЛС е децентрализирање на оваа област со соодветно финансирање и избор на модел што ќе добие поддршка од сите општини.

## МРЕЖА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ПРИ ЗЕЛС

Членовите на Мрежата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС во текот на 2025 година одржаа две средби.

На 11 април, со претставниците од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) дискутираа за потребата од изнаоѓање на прецизни законски решенија за уедначено постапување при утврдување на потребната документација за издавање одобрение на елаборатот за животна средина. Членовите на Работната група за води од Мрежата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС одржаа состанок на 26 август, на кој ги утврдија резултатите од преземените активности за нивно презентирање пред Комисијата за животна средина и комунални дејности.





## КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

*Ова тело е утврдено во Законот за финансирање на ЕЛС. Во состав на Комисијата, мнозинството членови се од локалната власт (градоначалници), а останатите се од министерствата: за образование и наука; за култура; за труд и социјална политика; за одбрана; за финансии и за локална самоуправа.*



Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините во текот на 2025 година одржа две онлајн седници (52. и 53.). Првата седница беше одржана на 1 јуни 2025 година, на која беа прифатени: Предлог-уредбата за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општините, за 2026 година и Предлог-уредбата за методологијата за распределба на блок дотациите за култура за 2026 година. Во двата предлога беше забележано дека нема промени во критериумите за распределба на средствата. Беше нагласено дека поголем број општини покажуваат добри резултати во однос на критериумот за перформанси, планирање и реализација на буџетот. Апелирано беше, во тековната година, општините да внимаваат на зголемениот приход од средствата од унгарскиот кредит, наспрема можноста на обемот на реализација на достасаните договори, особено што поради претстојните локални избори можностите за ребаланс на буџетот се намалени.

На 53. онлајн седница на Комисијата, одржана на 24 јули 2025 година, беа разгледани новите предлог-уредби на методологиите за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за 2026 година во основното и средното образование и за градинките труд и социјала. ЗЕЛС зеде активно учество со свои ставови и предлози при креирањето на предлог-формулите за образование. Министерката за образование и наука Весна Јаневска, на 11 јули 2025 година, во просториите на ЗЕЛС, пред градоначалниците и претставниците од општините ги презентираше предлог-формулите каде што распределбата на блок дотациите ќе се спроведува по критериумот основен трошок по ученик, а потоа се вклучуваат и две компоненти: основна компонента и варијабилна компонента. Па така, во новата Уредба за основно образование по општините, за 2026 година, основниот трошок по ученик на годишно ниво е утврден во висина од 112.747,00 денари, а во Уредбата за средно образование, основниот трошок по ученик за 2026 година е утврден на 103.589,00 денари.

Претседателот на Комисијата Ацо Ристов, градоначалник на Општина Радовиш, ги информираше присутните дека на средбата со министерката за образование и наука, биле дискутирани и предлозите од ЗЕЛС за утврдување на соодветни законски услови за обезбедување поголема независност во управувањето на локалните власти во оваа област, особено во постапките на општината за заедничка тендерска набавка за сите училишта на нејзина територија; потоа околу организирањето на сопствен превоз на учениците преку формирање на посебни нови јавни претпријатија за превоз на ученици или отворање на посебно одделение во склоп на постојните јавни претпријатија; обезбедување поголема флексибилност во издавањето на согласности за нови вработувања и слично.

Од Министерството за финансии беше нагласено дека на крајот на секоја година во трезорот останува висока сума на неискористени средства за образование од блок дотациите, а минатата година таа изнесувала околу 150 милиони денари за основно образование. Беше посочено дека во иднина треба да се посвети поголемо внимание на причините зошто ова се случува.

# 3 ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ) И ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

## ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ)

*Една од стратешките цели на ЗЕЛС е континуирано усовршување и надградување на капацитетите на општинската администрација. За тоа е задолжен ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) преку кој се спроведуваат обуки, работилници, советувања и конференции во организација на ЗЕЛС. ЗЕЛС тренинг центарот се наоѓа во административната зграда на ЗЕЛС.*

Поголем дел од обуките се реализираат во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, а дел и на одредени регионални локации. Обуките најчесто се еднодневни, а во помал број беа реализирани и како повеќедневни. Поголем дел од обуките и советувањата беа посветени на јакнење на капацитетите на општинската администрација во областа на социјалната заштита, женското претприемништво, градење на политики за родова еднаквост, каде што дел беше посветен и на интегрирањето на родовата еднаквост во комуналните услуги. Кон крајот на годината беше отворен нов циклус обуки, наменети за општинската администрација, за стекнување со лиценца за водење на постапки за отуѓување и давање под закуп на државно градежно земјиште. Во ЗЕЛС тренинг центарот работни средби реализираа и општинските просветни инспектори кои дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат при имплементацијата на законските одредби. Беа организирани работилници и за претставниците на Мрежата за животна средина и комунални дејности, а беа организирани и обуки за зајакнување на општинските капацитетите за имплементација на локалниот интегриран систем за управување со водите, финансиски поддржани од RCDN-програмата (Регионалната мрежа за развој на капацитети) финансирана од Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија (SECO) и Германското министерство за соработка и развој.










NALAS
Imeri Interpreter Alb - Eng
Municipality of Aerodrom
Smiljana Aleksić, SCTM Ser...
Derviš Hadžimuhamedović...









## ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

*ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) е административна единица преку која се овозможува забрзано реализирање на една од приоритетните стратешки цели на ЗЕЛС, а тоа е поддршка на нејзините членки на патот на создавањето на „е-општина". Оваа единица, едновремено, во името на сите општини, го врши одржувањето, како и обезбедувањето на непречено користење на информациските системи од страна на општините. Преку овие системи се зголемува ефикасноста во работењето на општините, економичноста во трошењето на општинските ресурси и се обезбедува поголема транспарентност на локалната власт.*

Преку информацискиот систем www.gradezna-dozvola.mk во 2025 година се внесени 4856 барања за сите типови одобренија за градба, доградба, надградба, измени во текот на градбата и слично, од кои се одобрени 2744 барања. Преку информацискиот систем за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари www.e-stvari.mk спроведени се 63 аукции. Во градежно земјиште, во 2025 година е евидентирано дека имало 350 аукции и 1317 барања за откуп по пат на непосредна спогодба. До МТВ се испратени 27 барања за интервенции за е-градежно земјиште. Вкупно интервенции во е-дозвола се 73.

**Во делот „ЗЕЛС е-услуги" се поставени следниве системи:**

1. Електронска платформа за градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk, со која сите постапки утврдени во Законот за градежно земјиште се спроведуваат исклучиво електронски, преку овој сајт;
2. Софтверска апликација за следење на роковите од склучените договори за отуѓување на градежното земјиште, сопственост на РСМ https://rdgz.mk/;
3. Софтвер за електронско издавање на одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk;
4. Софтверска алатка www.e-stvari.mk за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари;
5. Електронска платформа rob.zels.org.mk за размена на информации од преземените активности на локално ниво од областа на родовата еднаквост.











# 4 ПРОЕКТИ, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ПРОЕКТ „ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ЛОКАЛНО НИВО“



ЗЕЛС подготви извештај „Проценка на потребите и можностите на општините во однос на вклучувањето на родовата перспектива во испораката на комуналните услуги“, како и Методологија за интегрирање на родовата перспектива во комуналните услуги за управување со отпадот на локално ниво. Овие активности ЗЕЛС ги реализираше во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ што во нашата земја го имплементира SALAR International, дел од Шведската асоцијација на локални власти (SALAR), а е финансиран преку SIDA. Извештајот беше изработен врз основа на анализата од пристигнатите одговори од прашалникот што го подготви ЗЕЛС и го испрати до општините од Пелагонискиот и Југоисточниот Плански Регион, на кој одговорија 13 општини. Беа реализирани и средби со фокус-групи во четири општини и беа утврдени препораки за развивање и примена на родовите политики во оваа област. Методологијата беше презентирана на 3 и 4 јуни 2025 година, во Охрид, на дводневната обука „Воспоставување на концепт на родово одговорни општински услуги во управувањето со отпад“.

## ПРОЕКТ „РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ЗА ПОДОБРИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА ЛОКАЛНО НИВО“

И оваа година, ЗЕЛС продолжи со реализирање на активностите во нашата земја во рамките на проектот „Регионална соработка за подобри социјални услуги на локално ниво“, во соработка со NALAS и со финансиска поддршка од GIZ. Со цел преземање натамошни чекори за децентрализирање на надлежностите од областа на социјалата, ЗЕЛС обезбеди два документа.

Дел од овој проект ја опфаќаше и компонентата „Кластер за учење за размена на искуства и испорака на социјални услуги, базирани на потребите на заедницата“. ЗЕЛС им даде поддршка на активностите во деветте општини што се пријавија на повикот, од кои шест: Кочани Делчево Куманово, Прилеп, Свети Николе и Тетово, изработија концепти за социјални услуги во нивните општини базирани на потребите на граѓани.



## РАЗВИВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПРОГРАМИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО“



Со експертска поддршка од Канцеларијата на UN Women во Скопје, во рамките на „Менторската програма за интегрирање на родовата еднаквост во локалните програми“, ЗЕЛС продолжи со поддршката на неколку општини за развивање на локални програми/концепти за поттикнување на женско претприемништво. Согласно со потребите, секоја од општините изработи концепт со предлог-мерки за вклучување на поддршка за женско претприемништво, кои треба да се внесат при изработувањето на останатите општински програми. Анализата на податоците од истражувањето, кое беше спроведено во општините: Битола, Демир Хисар Кисела Вида, Кочани, Охрид и Штип, беше презентирана на работилницата организирана од ЗЕЛС на 27 февруари 2025 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, во присуство на координаторите / координаторките за еднакви можности и членовите на интерсекторската работна група за родово одговорно буџетирање од општините.



## ПРОЕКТ „ЕУ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА: ПАКТ НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА“

Во рамките на проектот „ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници на Западен Балкан и Турција“ ЗЕЛС повеќе години е вклучена во активностите за поддршка на општините во планирање и следење на иницијативите за енергетска ефикасност и климатски промени, во насока на заштеда на енергија. Во нашата земја, ЗЕЛС го спроведуваше проектот заедно со Германската развојна агенција (GIZ), кој е кофинансиран од Европската Унија и од Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ). На тридневната работилница „Планирање и мониторинг на мерки за енергетска ефикасност и климатска акција“, која ја организираше ЗЕЛС за претставниците од општините, беа споделени многу искуства, меѓу кои и предизвиците со кои се соочувале општините Куманово, Берово, како и Град Скопје на патот за приклучување на европскиот Пакт на градоначалници преку процесот на изработка на Акциски план за одржлива енергија и клима (SECAP). Овој план е неопходен за членство во европскиот Пакт на градоначалници, а со тоа и за пристап до финансиски инструменти за спроведување на нивните акциски мерки. Во рамките на овој проект, во претходниот период општините Вевчани и Кочани добија финансиска поддршка за реализирање на свои проекти за енергетска ефикасност.



## ОТПОЧНАТА ИНИЦИЈАТИВАТА ОД АВСТРИСКИОТ АМБАСАДОР ЗА ПОДДРШКА НА ТППЕ



На иницијатива на австрискиот амбасадор Н. Е. Мартин Памер беа отпочнати разговори за реализација на активности кои би придонеле за подобрување на опременоста на противпожарните единици (ТППЕ) во нашата земја, како и реализирање на проекти за воспоставување на подобри национални структури, преку јакнење на доброволните противпожарни бригади. Првиот состанок беше организиран на 13 мај 2025 година, во просториите на Делегацијата на ЕУ во Северна Македонија, а на вториот, одржан на 18 јуни 2025 година, домаќин беше ЗЕЛС. На иницијативата се приклучија претставници од повеќе амбасади во земјава, како и од меѓународните организации, како: УНДП, ЕУДЕЛ и од Делегацијата на ЕУ во нашата земја и претставници од националните власти. Беше посочен проектот на австриската федерална покраина Тирол, за воспоставување на систем на доброволни противпожарни единици, што се планира да се реализира и во нашата земја по искуствата во Хрватска. Обезбедувањето на опрема и обуките беа започнати со доброволната противпожарна бригада во Охрид, Тетово и Куманово. Беше одржана и трета средба, во просториите во Владата на РСМ, на која се приклучија и претставници од соодветни министерства, каде што повторно беа нагласени предизвиците со застарениот возен парк и недоволната опременост на ТППЕ, но и недоволниот број на пожарникари.



## ЗЕЛС ЈА ПОДДРЖА АКЦИЈАТА „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“

И оваа година, ЗЕЛС ја поддржа еколошката акција „Генералка викенд“ во која учествуваа 78 општини и беа собрани 645 770 килограми отпад. Волонтерите го чистеа отпадот во тридневните активности на повеќе од 500 локации во сите општини во земјава. ЗЕЛС има склучено Меморандум за заемна соработка со организаторот и основач на „Генералка викенд“ – ,,Мен енд Маунтен“. На секои 10 килограми собран отпад, државата посветува по едно дрво од годишните планови за пошумување. На 9 декември 2025 година беше одржана петтата по ред акција за пошумување – „Сончева гора“.





## ЗЕЛС – ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА“




Во рамките на регионалниот проект „Промовирање на делиберативна демократија и иновативни пристапи за учество на граѓаните во Југоисточна Европа“, каде ЗЕЛС ја има улогата на координатор на пријавените општини од нашата земја: Аеродром, Македонски Брод и Центар, беа реализирани повеќе активности. Во Заедницата на пракса за делиберативна (советодавна) демократија, основана во рамките на овој проект, учествуваат претставници од 18 општини и седум асоцијации на локалните власти, меѓу нив и ЗЕЛС. Целта е споделување на најдобри искуства и промовирање на механизмите за учество на граѓаните во донесување на одлуки од локално значење, со посебен осврт на функционирањето на таканаречените „граѓански собранија“. Во текот на 2025 година беа организирани неколку онлајн, но и директни средби на членовите на Заедницата на пракса за советодавна демократија, меѓу кои беше и третиот состанок, одржан на 24 април 2025 година, во Скопје. Во месец мај, претставниците од трите општини, со поддршка на ЗЕЛС и проектот, организираа информативни сесии на кои општинските советници, градоначалниците и соодветен дел од администрација непосредно беа информирани за начинот на формирање на советодавните собранија, областите на нивното дејствување и придобивките од нивната работа.




## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВОДЕЊЕ ПОСТАПКИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДРЖАВНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ



Во периодот од 29 октомври до 11 ноември 2025 година, ЗЕЛС, во соработка со Министерството за транспорт, организираше полагање на испит за претставниците од единиците за локалната самоуправа за стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост. Комисијата за следење на овој процес отвори нов циклус за стекнување со ова овластување и на 24 ноември 2025 година објави јавен повик за заинтересираните кандидати од стручните административни службеници. По извршената проверка за исполнетост на условите, кандидатите беа повикани на почетна обука, која се одржа на 10 и 11 декември 2025 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. Обуката во двата дена ја проследија вкупно 112 учесници.

## ЗАЕДНИЧКИ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (ЗКК)

Претставниците од ЗЕЛС кои се делегати на Заедничкиот консултативен комитет меѓу РСМ и Комитетот на региони на ЕУ (ЗКК) учествуваа на 24. работен состанок на ова тело, што се одржа на 27 мај 2025 година, во Брисел, во рамките на „Enlargement Day". Оваа седница ја водеа градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски и новоизбраниот копретседавач од КоР, Иван Гулам, градоначалник на Општина Пировац, од Република Хрватска. Редовна, прва тема на овие состаноци, е развојот на процесот на пристапување на нашата земја во ЕУ. Втората тема, која е менлива, овој пат беше посветена на справувањето со загадувањето на воздухот во нашата земја. На состанокот активно учество зедоа и делегатите градоначалници: Јован Тозиевски на Општина Ресен, Ѓорѓе Божинов на Општина Ново Село и Жарко Ристески, на Општина Македонски Брод, кои ги споделија искуствата од развојот на локалната самоуправа, учеството на локалната власт во процесот на пристапување на нашата земја во ЕУ, искористувањето на фондовите на ЕУ за прекугранична соработка, како и искуствата од активностите поврзани со заштитата на животната средина и управувањето со отпадот. Делегацијата на ЗЕЛС, на покана на амбасадорот на РСМ , Зулфи Исмаили, ја посети и Амбасадата на Мисијата на РСМ во Брисел, каде што беше одбележана 80-годишнината од кодифицирањето на македонскиот литературен јазик. Поради спроведувањето на локалните избори во нашата земја во периодот октомври – ноември, вториот состанок не беше одржан.





**1.** На 10 април 2025 година, делегацијата на ЗЕЛС, во состав од **градоначалниците: Висар Ганиу, Максим Димитриевски, Кирил Пецаков, Сашко Митовски и Горан Герасимовски, имаше средба со министерот за транспорт, Александар Николоски, заменик-министерката Калтрина Зеколи Шаќири и со претставниците од кабинетот**. На средбата се дискутираше за потребата од донесување унифициран правилник за поставување на урбана опрема од аспект на потребата за зголемени стандарди и нормативи на заштита и спасување. Се дискутираше и за можностите за легализирање на објекти што се нелегално изградени по 2011 година, во насока да се утврди повеќекратен надоместок, со прецизно утврдена постапка на докажување на периодот на изградба, преку вештачење и категориите на објектите што би биле опфатени.

**2.** На 14 април 2025 година, делегацијата во состав од **градоначалниците на општините: Валандово, Куманово, Теарце, Штип и претседателот на Советот на Град Скопје одржа средба со министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска**, во просториите на Министерството за финансии. На состанокот се дискутираше за финансиските предизвици на јавните претпријатија основани од општините, особено за големите долгови кон Управата за јавни приходи. Заради блокираните сметки, ограничени им се и можности за спроведување на последната законска обврска за зголемување на платите, па поради незадоволството на вработените се доведува во прашање извршувањето на комуналните услуги.





**3**. На 17 април 2025 година, во просториите на ЗЕЛС беше организирана работна средба на **претседателот и потпретседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски и Висар Ганиу, со првиот заменик-претседател на Владата на РСМ и министер за животна средина и просторно планирање Изет Меџити и претставниците од МЖСПП**. Министерот ја посочи поддршката за општините во висина од 200 милиони денари за реализација на проекти поврзани со изградбата на нова или подобрување на постојната канализациска и водоводна инфраструктура, што е во согласност со Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година. Присутните дискутираа и за други теми, особено за предизвиците во урбанизмот од аспект на обезбедување почист воздух и заштита на животната средина. Во таа насока, се говореше за преземање системски решенија во однос на деталните урбанистички планови, сообраќајните решенија, гасификацијата и слично.

**4**. На 3 септември 2025 година, **претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски имаше средба со раководството на Државната изборна комисија (ДИК)** на која се дискутираше за непречено реализирање на законските обврски за спроведување на претстојните локални избори во октомври. Се дискутираше и за иницијативата на Општина Центар, поддржана од уште неколку општини, што ЗЕЛС ја достави до ДИК, а која се однесува на надоместокот на трошоците за транспорт на изборниот материјал и на членовите на избирачките одбори од општинските изборни комисии до избирачкото место и по завршувањето на гласањето. Според досегашна пракса и во согласност со законските надлежности и обврски, овие трошоци паѓаат на товар на ДИК, па општините во својот Буџет немаат предвидено средства, ниту ставка за оваа намена во Годишниот план за јавни набавки за 2025 година. Во насока на заемно надминување на сите потенцијални предизвици, беше договорено ЗЕЛС навремено да ги информира општините да ги преземат сите потребни дејствија, а за општините што имаат блокирани сметки потребните дејствија да ги преземе ДИК. Беше договорено ЗЕЛС да го достави одговорот на ДИК до сите општини.





# 5 ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И ЈАВНОСТА

*ЗЕЛС редовно ги информира своите членки и јавноста за сите преземени активности, донесени одлуки, за резултатите од лобирањето, спроведувањето на проекти, изработените анализи и студии, како и за реализираните обуки и работни средби. Исто така, до општините доставува и информации изработени од други институции што се поврзани со надлежностите на локалната власт. ЗЕЛС се залага за двонасочна комуникација со своите членки и црпи информации од нив за подготвување на своите активности. По завршувањето на локалните избори, ЗЕЛС спроведе активности за обновување на базите на податоци на градоначалниците и советниците, како и членовите на општинската администрација, членови на мрежите при ЗЕЛС. Беа обезбедени нивните телефонски броеви и електронските адреси. Во насока на обезбедување поголема транспарентност во своето работење, ЗЕЛС користи повеќе алатки, меѓу кои се:*

**Веб-локацијата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk).** Информациите се поставуваат на македонски, на албански и на англиски јазик. Се објавуваат сите документи, активности и записници од управните тела на ЗЕЛС, од активностите на мрежите при ЗЕЛС, од средбите со претставници од централната власт и од меѓународните организации, одржаните конференции, советувања, како и сите публикации што ги подготвува ЗЕЛС.




**Контакти со медиумите.** ЗЕЛС редовно доставува соопштенија до сите медиуми за сите актуелности од работењето на Заедницата, одговара на прашањата од новинарите поставени преку електронска пошта или телефонски и свикува прес-конференции на кои ги пласира ставовите на ЗЕЛС.



**ЗЕЛС изготвува весник – „Гласило на ЗЕЛС“.** Во 2025 година беа подготвени пет изданија од кои едното е специјално издание, посветено на биографиите на новоизбраните градоначалници на локалните избори, спроведени во периодот октомври – ноември 2025 година. Со цел намалување на трошоците, сите изданија беа подготвени само во електронска форма. Целосното уредување и техничката обработка го реализираат вработените во ЗЕЛС. Гласилото се подготвува на македонско-албански јазик и на македонско-англиски јазик и се испраќа до сите општински советници, до градоначалниците, членовите на Владата на РСМ, пратениците во Собранието на РСМ и во други домашни и странски организации. Гласилото е поставено на веб-страницата на ЗЕЛС www.zels.org.mk.















**Годишен извештај на ЗЕЛС за 2024 година**

ЗЕЛС го подготви во електронска форма и Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2024 година, што претставува еден од начините на обезбедување поголема транспарентност во работењето на Заедницата. Во Извештајот е прикажано работењето на органите и телата на Заедницата, активностите на ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) и ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги (ЗЕПЕ) а, преку табели се прикажани приходите и расходите на ЗЕЛС за 2024 година, како и заклучокот од Ревизорскиот извештај за 2024 година. Извештајот е поставен на веб-страницата на ЗЕЛС www.zels.org.mk.




**„Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членовите на советите на општините 2025 – 2029 "**

Традиционално, ЗЕЛС по шести пат подготви „Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членовите на советите на општините 2025 -2029". Прирачникот претставува значаен извор за црпење на потребните информации при донесувањето на важните одлуки од локално значење. Во него се опфатени сите надлежности на локалната власт, а од особено значење се областите за финансирањето на општината, донесувањето на буџетот, развојот на локалната економија, просторното и урбанистичко планирање, комуналните услуги, руралниот развој, образованието, комуналните дејности и заштитата на животната средина. Исто така, опфатени се и активностите за транспарентно работење и информирање на јавноста, градењето на добрите релации со граѓанските организации, развивање на е-услугите и друго. Прирачникот е изработен само во електронска форма и е доставен до секој градоначалник и советник на неговата електронска адреса и истовремено е ставен на веб-страницата на ЗЕЛС.



# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС ВО 2025 ГОДИНА

## РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

KRESTON MACEDONIA

### ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО ОСНОВАЧИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ОПШТИНИ ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-ЗЕЛС СКОПЈЕ**

*Мислење со резерва*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОПШТИНИ ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-ЗЕЛС СКОПЈЕ (во понатамошниот текст: ЗЕЛС), коишто го вклучуваат билансот на состојба на 31 декември 2025 година, и билансот на приходи и расходи за годината која завршува на тој ден и како и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и резиме на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење, освен за ефектите наведени во параграфот "Основа за мислење со резерва", приложените финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЗЕЛС на ден 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност за годината која завршува на тој ден, во согласност со законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите кои се во примена во Република Северна Македонија.

*Основа за мислење со резерва*

Како што е обелоденето во белешката 13 кон придружните финансиски извештаи, на 31 декември 2025 година, побарувањата од купувачи изнесуваат 38,000 илјади денари. Врз основа на спроведените ревизорски процедури утврдивме дека побарувањата вклучуваат износ од 15,663 илјади денари, кој се однесува на побарувања постари од една година, за кои ЗЕЛС нема признаено исправка на вредноста заклучно со 31 декември 2025 година. Дополнително при увид во последователните уплати до датумот на овој извештај потврдивме дека состојбата на побарувањата кои се постари од една година изнесува 14,406 илјади денари.

Согласно применливата сметководствена рамка во Република Северна Македонија, побарувањата треба да се вреднуваат по нивниот надоместлив износ на крајот на периодот на известување, при што обезвреднувањето се признава кога постојат објективни индикации за намалување на нивната вредност. Ние не бевме во можност да утврдиме дали е потребна исправка на вредноста за наведените побарувања, ниту да ги квантифицираме потенцијалните ефекти врз нето сметководствената вредност на побарувањата на 31 декември 2025 година.

Понатаму, во рамки на постапката за потврдување на салда, испративме конфирмации за побарувања во вкупен износ од 32,892 илјади денари, за кои примивме потврди на салдо за износ од 6,893 илјади денари. За преостанатиот износ од 25,999 илјади денари не бевме во можност да прибавиме доволни и соодветни ревизорски докази за да го потврдиме постоењето и вреднувањето на побарувањата на 31 декември 2025 година.

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот "Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи" од овој извештај.
Ние сме независни од ЗЕЛС во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија.
Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

(продолжува)

knowing you.

Крестон Македонија ДООЕЛ Скопје е фирма членка на Kreston Global. Kreston Global е глобална мрежа на фирми и секоја од нив претставува посебен и самостоен правен ентитет, која не одговара за дејствијата и пропустите на било која друга членка во мрежата. Kreston Global не обезбедува професионални услуги за клиентите во било која земја. Фирмите членки на Kreston Global, се независни и одговорни за професионалните услуги кои ги нудат на своите клиенти.

Крестон Македонија дооел
бул. Јане Сандански бр.111/1-к.2-1, 1000
Скопје, Република Северна Македонија
ДБ МК4032022552493 | ЕМБС 7569530
+389 79 263 220
kreston.mk | info@kreston.mk

Независна членка на Kreston Global која е член на Forum of Firms

MEMBER OF THE FORUM OF FIRMS

KRESTON MACEDONIA

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО ОСНОВАЧИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ОПШТИНИ ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-ЗЕЛС СКОПЈЕ (продолжение)**

*Останати прашања*

Финансиските извештаи за претходната година која завршува на 31 декември 2024 година, се ревидирани од друг ревизор кој во својот извештај од 4 април 2025 година има изразено мислење со резерва.

*Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија и за таквата внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на ЗЕЛС да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да ја ликвидира ЗЕЛС или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на ЗЕЛС.

*Одговорност на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи*

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Стандардите секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални ако, поединечно или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Стандардите, применуваме професионално расудување и одржувавме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Ние исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се доволни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешната контрола.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЗЕЛС.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.

(продолжува)

KRESTON MACEDONIA

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО ОСНОВАЧИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ОПШТИНИ ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-ЗЕЛС СКОПЈЕ (продолжение)**

- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значаен сомнеж во можноста на ЗЕЛС да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во консолидираните финансиски извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат ЗЕЛС да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и со нив комуницираме за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, активностите преземени за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Партнер на ревизорскиот ангажман од кој произлегува извештајот на независниот ревизор е Ненад Тортевски.

Крестон Македонија дооел Скопје

Тортевски Ненад
Овластен ревизор
Управител

Тортевски Ненад
Овластен ревизор

Скопје
2 април 2026 година

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2025 ГОДИНА

| ПРИХОДИ СПОРЕД ИЗВОРИ | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| Приходи од членарина | 24,149,669.00 | 53.80 |
| Приходи од проекти | 4,558,075.00 | 10.15 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 623,966.00 | 1.39 |
| Приходи од извршени услуги | 15,554,032.00 | 34.65 |
| ВКУПНО | 44,885,742.00 | 100.00 |



## РАСХОДИ ВО 2025 ГОДИНА

| РАСХОДИ | денари | Учество во вкупни расходи во % |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали (канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена) | 82,894.00 | 0.27 |
| Трошоци за енергија (струја, парно, вода) | 862,504.00 | 2.86 |
| Трошоци за пошта, телефон, интернет услуги | 535,887.00 | 1.78 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 7,008,983.00 | 23.25 |
| Услуги за превоз | 40,096.00 | 0.13 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници, огласи, објави | 65,567.00 | 0.22 |
| Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, опрема и храна) | 1,545,641.00 | 5.13 |
| Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила | 123,130.00 | 0.41 |
| Банкарски трошоци | 51,979.00 | 0.17 |
| Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 203,857.00 | 0.68 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина, котизација) | 615,487.00 | 2.04 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети) | 341,261.00 | 1.13 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 17,027,772.00 | 56.48 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 514,361.00 | 1.71 |
| Негативни курсни разлики, вратени средства од проект | 1,127,671.00 | 3.74 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 30,147,090.00 | 100.00 |


2%
0%
2%
4%
3%
23%
5%
56%
0%
0%
0%
0%
0%
1%
1%
2%
Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена)
Трошоци за енергија (струја , парно , вода)
Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги
Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки
Услуги за превоз
Трошоци за репрезентација (функционален трошок)
Трошоци за службени весници , огласи , објави
Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна)
Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила
Банкарски трошоци
Интелектуални услуги (надокнада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги )
Трошоци за меѓународна соработка (членарина , котизација )
Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети)
Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени
Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема
Негативни курсни разлики, вратени средства од проект

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ВО 2025 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирано во 2025 година | Реализирано во 2025 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина | 20,337,680.00 | 24,149,669.00 | 118.74 |
| Приходи од проекти | 7,441,500.00 | 4,558,075.00 | 61.25 |
| Приходи од извршени услуги | 12,190,820.00 | 15,554,032.00 | 127.59 |
| Приходи од камата, курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 280,000.00 | 623,966.00 | 222.85 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 40,250,000.00 | 44,885,742.00 | 111.52 |

| РАСХОДИ | Планирано во 2025 година | Реализирано во 2025 година | % |
|---|---|---|---|
| Трошоци за материјали (канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена) | 600,000.00 | 82,894.00 | 13.82 |
| Трошоци за енергија (струја, парно, вода) | 1,500,000.00 | 862,504.00 | 57.50 |
| Трошоци за пошта, телефон, интернет | 1,020,000.00 | 535,887.00 | 52.54 |
| Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки | 9,500,000.00 | 7,008,983.00 | 73.78 |
| Услуги за превоз | 110,000.00 | 40,096.00 | 36.45 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 30,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| Трошоци за службени весници, огласи, објави | 600,000.00 | 65,567.00 | 10.93 |
| Трошоци за организирање на собрание, конференции, семинари, обуки (сместување, опрема и храна) | 3,050,000.00 | 1,545,641.00 | 50.68 |
| Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила | 300,000.00 | 123,130.00 | 41.04 |
| Банкарски трошоци | 150,000.00 | 51,979.00 | 34.65 |
| Интелектуални услуги (надоknада за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 1,150,000.00 | 203,857.00 | 17.73 |
| Трошоци за меѓународна соработка, трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки, авио билети) | 2,100,000.00 | 956,748.00 | 45.56 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 18,500,000.00 | 17,027,772.00 | 92.04 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации, друга техничка опрема | 1,640,000.00 | 514,361.00 | 33.28 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, вратени средства од проекти | 0.00 | 1,127,671.00 | 0.00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 40,250,000.00 | 30,147,090.00 | 74.90 |

# 7 СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗЕЛС



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2025 ГОДИНА

**За издавачот:** Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС

**Извршен директор:**
Душица Перишиќ

**Адреса на издавачот:** ЗЕЛС, ул. „Копенхагенска“ бр. 5
ПФ 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: 02/3099033
e-mail: contact@zels.org.mk
www.zels.org.mk

**Уредник:**
Весна Арсовска-Динковска

**Фотографии:** од Фото архива на ЗЕЛС
**Илустрација:** 230 x 200 mm

**Лекторирал:** Валентина Великова

**Дизајн и подготовка:**
Никола Тодоровски
Карина Доневска

**Година на издавање:** април, 2026 година
**Место на издавање:** Скопје

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033
ул.Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk